**РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**
**ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА**

**Бр. 1103- 4/3**

**Скопје, 05.02.2008 година**

**УНИВЕРЗИТЕТ „СВ. КЛИМЕНТ ОХРИДСКИ„- БИТОЛА**

**ЕКОНОМСКИ ФАКУЛТЕТ- ПРИЛЕП**

## КОНЕЧЕН ИЗВЕШТАЈ НА ОВЛАСТЕНИОТ ДРЖАВЕН РЕВИЗОР

1. Предмет на овој Конечен извештај е извршената ревизија на финансиските извештаи на Универзитет ″Св. Климент Охридски″- Битола, Економски факултет – Прилеп, сметка за приходи од самофинансирачки активности, за 2006 година, кои се прикажани на страните 10 до 12.

2. Ревизијата на финансиските извештаи од точка 1 на овој Извештај е извршена согласно член 2 став 1 и 2 од Законот за државна ревизија и Годишната програма за работа на Државниот завод за ревизија согласно член 9 од Законот за државна ревизија.

3. Не е вршена ревизија, ниту сме издале било каков извештај, за финансиските извештаи на Универзитет ″Св. Климент Охридски″–Битола, Економски факултет-Прилеп (во понатамошниот текст: Економски факултет) за годините кои и претходат на годината која е предмет на оваа ревизија.

4. Финансиските извештаи од точка 1 на овој Конечен извештај, претставуваат одговорност на раководството на субјектот од точка 1 на овој извештај, застапувано од:
   - Проф. Д-р Гордана Трајкоска, декан

5. Одговорност на ревизорите е да го издадат овој Конечен извештај, прикажан на страните 1 до 9, и да дадат мислење за финансиските извештаи од точка 1, засновано на извршената ревизија.

6. Ревизијата од точка 1 на овој Извештај е планирана и извршена од страна на ревизорски тим на Државниот завод за ревизија во периодот од 24.10.2007 до 11.12.2007 година.

7. Цел на ревизијата на финансиските извештаи од точка 1 на овој извештај е да овозможи ревизорот да изрази мислење:
   - дали финансиските извештаи вистинито и објективно ја искажуваат финансиската положба и резултатот на финансиските активности во согласност со применетата законска регулатива и
   - дали е остварено законско и наменско користење на средствата кои претставуваат државни расходи.

8. Финансиските извештаи кои се предмет на овој извештај се засновани на годишната сметка составена според важечките прописи во Република Македонија со извршени рекласификации поради добивање на појасна слика и со извесни прифатени и спроведени корекции на финансиските извештаи од страна на субјектот.

9. Ревизијата е извршена во согласност со Стандардите за Државна Ревизија на Меѓународната организација на Врховните Ревизорски Институции (ИНТОСАИ) кои се пропишани за примена во Република Македонија при вршењето на државната ревизија. Овие стандарди бараат ревизијата да се планира и подготви, со цел да се добие разумно уверување дека финансиските извештаи се ослободени од значајни погрешни прикажувања. Ревизијата вклучува испитувања на докази, проценување на користените сметководствени принципи, како и на важните проценки направени од страна на раководството на субјектот од точка 1 на овој извештај, давање општа оценка за презентацијата на финансиските извештаи и давање оценка за конкретни финансиски трансакции. Веруваме дека извршената ревизија ни обезбедува разумна основа за изнесеното мислење.

10. На ден 03.01.2008 година примени се забелешки под архивски број 1104-4/1 на Претходниот извештај на овластениот државен ревизор. Истите се разгледани и како неосновани се одбиени, бидејки не се доставени нови докази и аргументи кои ќе дадат доволно уверување за промена на ревизорското мислење. Забелешката на точката 10.03.2. од Претходниот извештај која се однесува на менаџерското осигурување е делумно прифатена поради тоа што Факултетот спровел дополнителни активности за промена на корисникот на бонусот од осигурувањето и на 27.12.2007 година осигурителната компанија по дадените изјави на менаџерите, го уплатила бонусот на Факултетот, поради што наодот во Конечниот извештај делумно е променет.

11. Со ревизијата на финансиските извештаи за 2006 година дадени како составен дел на овој Конечен извештај, ревизијата го утврди следното:

11.1. **Неправилна примена на акти:**

11.1.1. Надоместоците за образовни и административни услуги што ги плаќаат студентите на Економскиот факултет се утврдени со Усогласениот ценовник за висината на надоместоците што ги плаќаат студентите за овој вид на услуги, донесен од Советот за развој и финансирање на високото образование, согласно неговите надлежности утврдени со Законот за високо образование. Економскиот факултет во Прилеп наплатува и надоместоци за услуги по основи кои не се содржани во Ценовникот, а се предвидени со Одлуката за висината на надоместоците што ги плаќаат студентите за образовни и административни услуги донесена од Деканатската управа на 31.05.2005 година за кои Факултетот не добил согласност од Советот. Наплатувањето на услугите за кои Советот не дал согласност има за ефект неосновано остварени приходи на Економскиот факултет Прилеп во вкупен износ од околу 3.982 илјади денари, високо учество на платите и надоместоците за професорите во вкупните расходи, зголемени трошоци за студирање на студентите и висок износ на неискористени средства на крајот на годината, што може да се види од приложените графикони и табеларниот приказ:

***Структура на вкупните расходи***[1]







[1] Приходите и расходите дадени во графиконите ги опфакаат средствата од буџетот на РМ и средствата од самофинансирачки активности во 2006 година.

***Неосновано наплатени надоместоци од студентите***

во денари

| Основ за надоместок | Број на студенти кои платиле надоместок | Висина на надоместокот | Вкупно наплатени средства |
|---|---|---|---|
| преглед на дипломска работа | 157 | 500 | 78.500 |
| издадени уверенија за положени испити | 468 | 500 | 234.000 |
| админисртративна заверка на семестар | 44 | 1.000 | 44.000 |
| запишување прв пат апсолвентски стаж | 281 | 1.000 | 281.000 |
| преполагање на испит | 38 | 1.000 | 38.000 |
| заверка на година на вонредни студенти | 512 | 500 | 256.000 |
| признати испит од друг факултет (175) | 10 | 200 | 35.000 |
| за штета | 2.203 | 1.000 | 2.203.000 |
| студентски информатор | 1.624 | 500 | 812.000 |
| **ВКУПНО** | **5.337** | | **3.981.500** |

Исто така констатирана е неоснована наплата на услуги по основ на стекнување право на пријавување и полагање во дополнителен испитен рок по цена од 300 денари по испит, за кои ревизијата не можеше да квантифицира вкупен износ.

11.1.2. Економскиот факултет согласно Законот за високо образование и Статутот организира и последипломски студии кои немаат третман на редовна дејност на факултетот. Согласно утврдениот начин на финансирање, последипломските студии функционираат како приватни студии во рамките на државниот факултет, а ангажирањето на професорите и нивното наградување е регулирано со посебен Правилник за формирање и распределба на средствата на последипломските студии, а не со Правилникот за плати. Средствата остварени од студиумите целосно се распределуваат помеѓу учесниците во нивната реализација непочитувајќи ја при тоа обврската за издвојување на 10% од остварените приходите за покривање на општите трошоци на Факултетот, утврдена со Правилникот за организирање и реализирање на последипломските студиуми. Ваквиот начин на распределба на остварените средства има за ефект незаконска распределба на законски остварените приходите од вршење на образовни услуги, на сметка на Факултетот, а во интерес на одредена група вработени, ангажирани во реализацијата на последипломските студии.

**Препораки и мерки:**

1. Деканатската управа да обезбеди согласност од Советот за развој и финансирање на високото образование за цените на услугите кои се дополнително утврдени во Одлуката донесена од страна на Економскиот факултет, во спротивно да се напушти праксата на наплата на овие услуги.

2. Наставно научниот совет да ја испита можноста вреднувањето на наставните активности на последипломските студиуми да бидат составен дел на Правилникот за плати а надоместоците да се исплатуваат како плата на начин и услови утврдени со Закон.

11.2. **Неправилна примена на сметководствените политики и начела:**

11.2.1. Во сметководствената евиденција на Економскиот факултет Прилеп признавањето на приходите и расходите не е спроведено според сметководственото начело на парично искажување во согласност со Законот и Правилникот за сметководството за буџетите и буџетските корисници. Како резултат на несоодветно спроведените книжења во тековната и претходните години, ефектите во финансиските извештаи се следни:

- Утврдена е неусогласеност на паричните средства на сметката на 31.12.2006 со вишокот на приходи за пренос во наредната година за износ од 17.596 илади денари;
- Паричните средства на сметката на 31.12.2005 година не се пренесени како приходи во 2006 година што има за ефект нереално прикажани приходи во 2006 година за износ од 16.143 илјади денари;
- Утврдена е неусогласеност на Постојаните средства, залихите на материјали и Изворите на капиталните средства во Билансот на состојба за износ од 19.004 илјади денари како резултат на несоодветно книговодствено евидентирање во минати години.

11.2.2. Спротивно на Законот за сметковдството за буџетите и буџетските корисници на Економскиот факултет - Прилеп податоците кои се внесени во деловните книги не се базираат на веродостојни односно одобрени сметководствени документи. Најголем дел од нив (фактури и патни налози), не се потпишани од одговорното лице - деканот, ниту пак од него овластено лице - продеканот за материјално финасиски прашања. Вакавата состојба укажува на необезбеден систем на редовна внатрешна сметководствена контрола, со која ќе се обезбеди проверка дали финансиските трансакции се извршени во согласност со законските прописи и врз основа на соодветна сметоводствена документација за целосни, вистинити и веродостојни информации.

**Препораки и мерки:**

1. Признавањето на приходите и другите приливи, расходите и другите одливи во главната книга на Економскиот факултет да се спроведува според сметководственото начело на парично искажување. За таа цел неопходно е одговорните лица во сметководствената служба да направат анализа на спроведените книжења кои што го нарушуваат ова начело и за утврдените разлики да спроведат соодветни корекции така што на крајот од пресметковниот период вишокот на приходи за пренос во наредната година ќе биде усогласен со паричните средства, а вредноста на изворите на средства ќе биде усогласена со сегашната вредност на основните средства.

2. Одговорното лице – Декан на Економскиот факултет - Прилеп да обезбеди внатрешна сметководствена контрола за проверка на финасиските промени односно трансакции, како и проверка на сметковдостветата документација согласно Законот за сметковдство за буџетитие и буџетските корисници.

11.3. **Ненаменско и незаконско користење на средствата:**

11.3.1. Економскиот факултет ислатил 9.475 илјади денари врз основа на Одлуки донесени од Деканатската управа или Наставо - научниот совет за активности поврзани со промоција на факултетот, успешно спроведување на уписната политика за учебната 2006/2007 година, соработка со средни училишта, меѓународна размена на студенти, креирање на промотивен материјал за факултетот, зголемен обем на работа, учество во комисија за јавни набавки или контрола над законитоста на спроведувањето на јавните набавки. Активностите за кои вработените примаат надоместоци се основна дејност на Факултетот и се утврдени во членот 18 од Законот за високо образование, поради што надоместоците исплатени за овие активности претставуваат ненаменски и незаконски потрошени средства. (Прилог: Табела за неосновано исплатени надоместоци)

***Неосновано исплатени надоместоци***

| дата | одлука бр. | донесена од | основ за исплата | износ во ден |
|---|---|---|---|---|
| 14.04.2006 | 655/1 | Деканатска управа | за реализирани проектни активности - имплементација на КТС | 248.259 |
| 14.04.2006 | 655/2 | Деканатска управа | за реализирани проектни активности-соработка со средни училишта | 174.107 |
| 14.04.2006 | 673/1 | Наставо - научниот совет | за реализирани проектни активности-имплементација на КТС | 2.225.130 |
| 06.07.2006 | 1250 | Наставо - научниот совет | за извршени работи осмислување креирање и подготовка на промотивен материјал за факултетот | 97.641 |
| 06.07.2006 | 1246/1 | Наставо - научниот совет | за реализирани проектни активности-промоција на ЕФ, осмислување на промотивната кампања, презентација на ЕФ во средните училишта имплементација и реализација на КТС | 1.484.194 |
| 06.07.2006 | 1247 | Наставо - научниот совет | надоместок на членовите во Комисијата за контрола над законитоста на работењето на Комисијата за јавни набавки | 82.348 |
| 06.07.2007 | 1248 | Наставо - научниот совет | надоместок на членовите во Комисијата за јавни набавки | 52.938 |
| 08.11.2006 | 2092/1 | Деканатска управа | надоместок за членовите на Комисија за јавни набавки и на дел од менаџерскиот тим | 94.112 |
| 08.11.2006 | 2091/1 | Деканатска управа | надоместок за реализирани проектни активности-практична работа на студентите во деловни субјекти: контакти со субјектите, следење и анализа на ефектите | 315.763 |
| 14.12.2006 | 2402/1 | Наставо - научниот совет | надоместок за реализирани проектни активности- практична работа на студентите во деловни субјекти: контакти со субјектите, следење и анализа на ефектите и др. дополнителни активности | 2.229.311 |
| 08.11.2007 | 2091/2 | Деканатска управа | надоместок за членовите на Комисијата за запишување на студенти | 21.175 |
| 14.12.2006 | 2403/1 | Наставо - научниот совет | Надоместок за реализирани проектни активности-меѓународна размена на студенти, КТС промоција на дипломци доделување награди | 1.467.622 |
| 14.12.2007 | 2397/1 | Деканатска управа | за реализирани проектни активности-меѓународна размена на студенти | 254.590 |
| 21.12.2006 | 2455/1 | Наставо - научниот совет | по основ на зголемен обем на работа на сите вработени | 728.156 |
| | | | **ВКУПНО** | **9.475.346** |

11.3.2. Економскиот факултет договорил осигурување на раководителите – менаџери од последици на несреќен случај (незгода) со осигурителната компанија Кјуби Македонија, во вкупен износ од 499 илјади денари, што укажува на незаконско и ненаменско користење на средствата. По интервенција на ревизијата бонусот од осигурувањето за 2006 година е уплатен на сметката на факултетот на ден 27.12.2007 година, но праксата на менаџерско осигурување продолжува и во 2007 година.

11.3.3. Спротивно на Законот за јавни набавки Економскиот факултет извршил набавки од мала вредност повеќе пати во текот на годината од исти добавувачи и за ист вид или група производи со што не обезбедил транспарентност и јавност во постапката, ниту еднаква и недискриминаторска положба на понудувачите, што има за ефект незаконски потрошени средства во вкупен износ од 2,824 илјади денари и тоа во следниве случаи:

| Ред број | Добавувач | Предмет на набавка | Вкупен износ во 000 ден. |
|---|---|---|---|
| 1 | Доо Иверпласт Прилеп | канцелариски мебел | 228 |
| 2 | Дооел Оглед комерц Прилеп | претапацирање | 249 |
| 3 | Генико Прилеп | градежни работи | 272 |
| 4 | Прилепец Прилеп | градежни работи | 478 |
| 5 | Ацетони Прилеп | канцелариски материјали | 629 |
| 6 | Дарлинг Прилеп | униформи | 245 |
| 7 | Печатница 11Октомври Прилеп | Печатење на Зборник | 224 |
| 7 | Кјуби Македонија | менаџерско осигурување | 499 |
| | **ВКУПНО :** | | **2,824** |

Ревизијата утврди и нерегуларност во составот на Комисијата за контрола на законитоста во спроведувањето на јавните набавки, чиј претседател е деканот на факултетот, што претставува конфликт на интереси, поради поклопување на неговите надлежности да одлучува при изборот, да ги потпишува договорите со добавувачот и воедно да ја контролира работата на комисијата.

11.3.4. Економскиот факултет врши исплата на надоместоци за превоз на вработени кои не живеат во Прилеп, во висина на вистински направени трошоци, што е во спротивност со Законот за извршување на Буџетот на РМ за 2006 година и има за ефект ненаменски и незаконски потрошени средства во вкупен износ од 108 илјади денари.

11.3.5. Спротивно на Законот за користење и располагање со стварите на државните органи Економскиот факултет средствата остварени од давањето под закуп на стварите кои што се во државна сопственост не ги уплатувал во Буџетот на Република Македонија што има за ефект неосновано остварени приходи во 2006 година.

**Препораки и мерки:**

1. Деканатската управа и Наставно - научниот совет да ја напуштат праксата на исплата на надоместоци за активности кои се извршуваат во текот на работното време и претставуваат редовни активности на факултетот посебно на менаџерскиот тим чија основна цел треба да биде негово унапредување и афирмирање.
2. Ревизијата препорачува да се почитува кодексот на етика и расходите за менаџерското осигурување да се реализираат од платите на менаџерите.

3. Комисијата за јавни набавки при Економскиот факултет, набавките на стоки и услуги да ги врши согласно Законот за јавни и набавки, со што ќе обезбеди транспарентност и јавност, еднаква и фер положба на сите понудувачи и законско користење на средствата.
4. Економскиот факултет да ги почитува одредбите од Законот за извршување на Буџетот на РМ согласно кој висината на надоместокот за превоз да не го надминува износот од 900 денари.
5. Економскиот факултет да отпочне со уплата на приходите од закупнина во Буџетот на Република Македонија, кои што во согласност со Упатството за начинот на евидентирање и распоредување на јавните приходи се уплатуваат на сметката 840-6478 - Приходи од продажба и закуп на средства во државна сопственост, кои престанале да ги користат органите на државната власт-приходно конто 733128.

12. **Прифатени искорегирани неправилности од страна на Економски факултет во текот на ревизијата:**

- Во периодот на вршење ревизија заради реално и објективно искажување на Материјалните средства и Изворите на капитални средства извршена е корекција во сметководствената евиденција со која иститe се зголемуваат во вкупен износ од 119 илјади денари, за вредноста на неевидентираниот набавен канцелариски мебел;
- Извршена е корекција за вредноста на продадените акции од Комерцијална банка во вкупен износ од 2.172 илјади денари со намалување на Авансите за нематеријални издатоци и Изворите на капитални средства.
- Извршена е корекција со која Изворите на капитални средства се намалени за 22 илјади денари, за сметка на Пасивните временски разграничувања, во висина на вредноста на боновите за гориво.

Корекцијите се извршени со налог за книжење бр.18/10 од 30.10.2007 година.

13. Според наше мислење поради значајноста на прашањата изнесени во точката 10.2., финансиските извештаи не ја претставуваат вистинито и објективно финансиската состојба на Универзитет ″Св. Климент Охридски″ Битола , Економски факултет - Прилеп, сметка за приходи од самофинансирачки активности, за годината која завршува со тој датум согласно важечката законска регулатива.

14. Според наше мислење, поради значајноста на прашањата изнесени во точките 10.1 и 10.3 кај Универзитет ″Св. Климент Охридски″ – Битола , Економски факултет – Прилеп, сметка за приходи од самофинансирачки активности, не е остварено законско и наменско користење на средствата во финансиските трансакции кои претставуваат државни расходи за 2006 година.

**Скопје, 30.01.2008 година** **Овластен државен ревизор**

## БИЛАНС НА ПРИХОДИ И РАСХОДИ ЗА 2006 година

| | | во 000 денари |
|---|---|---|
| **Опис на позицијата** | **2006** | **2005** |
| **Приходи** | | |
| Даночни приходи | 307 | 196 |
| Неданочни приходи | 45.742 | 38.362 |
| Капитални приходи | 0 | 1.977 |
| **Вкупно приходи** | **46.049** | **40.535** |
| **Расходи** | | |
| **Тековни расходи** | | |
| Плати, наемнини и надоместоци | 8.473 | 7.895 |
| Стоки и услуги | 27.992 | 27.439 |
| Субвенции и трансфери | 203 | 0 |
| **Вкупно тековни расходи** | **36.668** | **35.334** |
| **Капитални расходи** | | |
| Капитални расходи | 2.670 | 4.086 |
| **Вкупно капитални расходи** | **2.670** | **4.086** |
| **Вкупно расходи** | **39.338** | **39.420** |
| **Нето вишок на приходи - добивка по оданочување** | **6.711** | **1.115** |

## БИЛАНС НА СОСТОЈБА НА ДЕН 31.ДЕКЕМВРИ

во 000 денари

| Опис на позицијата | 2006 | 2005 |
|---|---|---|
| **Актива** | | |
| **Тековни средства** | | |
| Парични средства | 22.983 | 16.143 |
| Побарувања | 157 | 157 |
| Краткорочни финансиски побарувања | 3 | 3 |
| Побарувања од вработените | 2.087 | 2.084 |
| Побарувања од државата и други институции | 29 | 517 |
| Активни временски разграничувања | 1.611 | 737 |
| Залихи | 1.054 | 1.206 |
| **Вкупно тековни средства** | **27.924** | **20.847** |
| **Постојани средства** | | |
| Нематеријални средства | 0 | 2.172 |
| Материјални добра и природни богатства | 3.358 | 3.358 |
| Материјални средства | 64.464 | 63.724 |
| Долгорочни кредити и позајмици дадени во земјата и странство и орочени средства | 2.272 | 2.272 |
| Други средства | 169 | 172 |
| **Вкупно постојани средства** | **70.263** | **71.698** |
| **Вкупна актива** | **98.187** | **92.545** |
| **Пасива** | | |
| **Тековни обврски** | | |
| Краткорочни обврски спрема добавувачи | 1.332 | 423 |
| Краткорочни финансиски обврски | 4 | 37 |
| Обврски спрема државата и други институции | 962 | 105 |
| Краткорочни обврски за плати и други обврски спрема вработените | 694 | 718 |
| Пасивни временски разграничувања | 5.409 | 694 |
| **Вкупно тековни обврски** | **8.401** | **1.977** |
| **Извори на средства** | | |
| Извори на капитални средства | 86.443 | 87.223 |
| Ревалоризациона резерва | 42 | 42 |
| **Вкупно извори на деловни средства** | **86.485** | **87.265** |
| **Извори на други средства** | **3.301** | **3.303** |
| **Вкупна пасива** | **98.187** | **92.545** |

## ПРЕГЛЕД
## НА ПРОМЕНИ НА ИЗВОРИ НА КАПИТАЛНИТЕ СРЕДСТВА ЗА 2006 ГОДИНА

**во 000 денари**

| **О П И С** | **Државен јавен капитал** | **Останат капитал (залихи на материјали, резервни делови и ситен инвентар и хартии од вредност)** | **Вкупно** |
|---|---|---|---|
| **Состојба 01.01.2006 година** | **81.301** | **5.922** | **87.223** |
| **Зголемување по основ на:** | **3.628** | **1.235** | **4.863** |
| Набавки | 2.815 | 1.235 | **4.050** |
| Корекции од ревизијата | 119 | | **119** |
| Ревалоризација на капитални средства | | | **-** |
| Добивка од 2005 година | 694 | | **694** |
| **Намалување по основ на:** | **4.557** | **1.086** | **5.643** |
| Отпис на капитални средства | | | **-** |
| Потрошок на материјали | | 1.086 | **1.086** |
| Ревалоризација на отпишани капитални средства | | | **-** |
| Амортизација | 2.363 | | **2.363** |
| По основ на бонови за гориво | 22 | | **22** |
| Продадени акции | 2.172 | | **2.172** |
| **Состојба 31.12.2006 година** | **80.372** | **6.071** | **86.443** |